# УПАТСТВО ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

## УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ

Постапка за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем и категоризација на сместувачки објекти (куќа, апартман или соба за одмор)

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Април, 2022 година**

Република Северна Македонија
Општина Вевчани
Бр. 18 - 456/1
20.04. 2022 год.
ВЕВЧАНИ

ВЕВЧАНИ

**О П Ш Т И Н А   В Е В Ч А Н И**

***Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој***

*Општина Вевчани, 6335 Вевчани; Емаил: contact@vevcani.gov.mk; www.vevcani.gov.mk; Тел: 046/784-640*

# УПАТСТВО ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ЗА ВРШЕЊЕ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ ВО ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

Согласно Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 39/16, 53/16, 71/16 и 31/20) член 4, став 2, „физичките лица кои согласно одредбите од овој закон вршат угостителска дејност се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината".

Согласно овој закон физичките лица од член 4, став 2, може да даваат:

- ✓ Конфекционирани угостителски услуги во наменски подвижни објекти;
- ✓ Угостителски услуги за сместување и исхрана во куќи;
- ✓ Угостителски услуги во апартмани и соби за одмор;
- ✓ Угостителски услуги во селски домаќинства

---

## ПОСТАПКА ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА СМЕСТУВАЧКИ ОБЈЕКТ

## ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

**1.** Согласно член 4-а од Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 39/16, 53/16, 71/16 и 31/20), „физичките лица кои согласно одредбите од овој закон вршат угостителска дејност поднесуваат барање за упис во регистарот до градоначалникот на општината".
Давателот на угостителски услуги во куќа, апартман или соба за одмор, односно физичкото лице, кое е сопственик на сместувачки објект, до општина Вевчани поднесува:

- ***БАРАЊЕ за упис во регистарот на вршители на угостителска дејност од мал обем и***
- ***БАРАЊЕ за категоризација на објектот***

Образецот можат да се подигне од Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и ЛЕР, архива на општината или да се преземе од веб страната на општина Вевчани **www.vevcani.gov.mk ( е-општина/ формулари)**. Образецот е составен дел на ова упатство.
Барањата се поднесуваат во архивата на Општина Вевчани, секој работен ден од **07:30** до **15:30** часот.

*Општина Вевчани, 6335 Вевчани; Емаил: contact@vevcani.gov.mk; www.vevcani.gov.mk; Тел: 046/784-640*

Со поднесените барања започнува процедурата за добивање:

- ***РЕШЕНИЕ за упис во регистарот на вршители на угостителска дејност од мал обем и***
- ***РЕШЕНИЕ за категоризација.***

***Забелешка:*** *Издавачите на соби кои имаат Решение за упис во Регистарот на издавачи поднесуваат само Барање за категоризација*

**2. Потребни документи за поднесување на барањата:**

2.1. Со Барањето за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем во прилог се доставуваат следните документи:

- Доказ за сопственост на објектот (имотен лист, договор за закуп или друг акт)
- Лична карта на увид
- Доказ за извршена уплата за решение за упис во износ од 250,00 денари
- Доказ за платена административна такса во износ од 50,00 ден

2.2. Со Барањето за категоризација се доставуваат следните документи:

- Копија од решението за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем во општина Вевчани и
- Доказ за извршена уплата за решение за категоризација во износ од 250,00 денари

**3.** Уплатата за Барање за упис во регистарот или Барање за категоризација, како и таксата за добивање Решение за упис во регистарот или Решение за категоризација се уплатува на образец ПП 50 на сметка:

**Назив на примач: Трезорска сметка**
**СМЕТКА: 100000000063095**
**ИЗНОС: 50,00 денари.**
**УПЛАТНА СМЕТКА: 840 110 03 182**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 722 315 ПРОГРАМА: 00**
**Цел на дознака: Административни такси**

**Назив на примач: Трезорска сметка**
**СМЕТКА: 100000000063095**
**ИЗНОС: 250,00 денари.**
**УПЛАТНА СМЕТКА: 840 110 03 182**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 722 315 ПРОГРАМА: 00**
**Цел на дознака: Административна такса за упис во регистар**

**Назив на примач: Трезорска сметка**
**СМЕТКА: 100000000063095**
**ИЗНОС: 250,00 денари.**
**УПЛАТНА СМЕТКА: 840 110 03 182**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 722 315 ПРОГРАМА: 00**
**Цел на дознака: Административна такса за категоризација**

***Напомена:*** *Административните такси имате можност да ги уплатите со платежна картичка преку ПОС терминалот во просториите на општина Вевчани*

4. Комисијата за категоризација врз основа на претходно поднесеното барање доаѓа во сместувачкиот објект од мал обем, ги утврдува минимално-техничките услови и врз основа на Правилникот за минимално-техничките услови за вршење угостителска дејност и Правилникот за категоризација на угостителските објекти ги изготвува решенијата и во рок од 7 дена го известува подносителот.

    **4.1.** Подносителот е должен да го подигне изготвеното Решение за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем по известувањето од страна на општинските служби;

    **4.2.** Подносителот е должен да го подигне изготвеното Решение за категоризација по известувањето од страна на општинските служби;

5. Давателот на угостителските услуги во куќа, апартмани или соба за одмор е должен да води евиденција за престојот на гостите во својот сместувачки објект во КНИГА за домашни односно странски гости.

- Книгата за домашни односно странски гости се заверува во полиција врз основа на Решението за упис во Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем кој се води во општина Вевчани.
- Податоците за легитимитетот и престојот на гостинот, сопственикот на сместувачкиот објект ги евидентира во соодветните графи на книгата за гости врз основа на личната карта односно пасошот на гостинот.
- Книгата за домашни, односно странски гости се набавува во книжарница.

ВЕВЧАНИ

**О П Ш Т И Н А   В Е В Ч А Н И**

***Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој***

*Општина Вевчани, 6335 Вевчани; Емаил: contact@vevcani.gov.mk; www.vevcani.gov.mk; Тел: 046/784-640*

6. Според Законот за угостителска дејност (член 48) давателот на угостителските услуги во куќи, апартмани и соби за одмор своите услуги ги издава врз основа на склучениот договор со туристичкото биро и туристичката агенција.
Давателот на услугите е обврзан да набави и постави табла како доказ за извршена категоризација.
Давателот на угостителските услуги во куќа, апартман или соба за одмор е должен на гостинот да му издаде сметка. Во сметката за извршената услуга за ноќевање, одделно се искажува износот на наплатената такса за привремен престој.

7. Давателите на угостителски услуги се должни да вршат наплата на туристичка такса за привремен престој согласно „Законот за такса за привремен престој" и наплатената такса, која изнесува 40,00 денари, да ја уплатат најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

Таксата за престој се уплатува на образец ПП 50 или електронски преку постерминал во просториите на општина Вевчани, на сметка:

**Назив на примач: Трезорска сметка**
**СМЕТКА: 100000000063095**
**ИЗНОС: _________ денари.**
**УПЛАТНА СМЕТКА: 840 110 03 205**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 717 111    ПРОГРАМА: 00**
**Цел на дознака: Комунална такса за привремен престој**

Комисија за категоризација на угостителски објекти за сместување во Општина Вевчани, во состав претседател и два члена

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Спасе Кочовски**

Република Северна Македонија * Општина Вевчани
ВЕВЧАНИ

Изработил:
Менка Кукоска
Помлад соработник за локален економски развој

ВЕВЧАНИ

**О П Ш Т И Н А  В Е В Ч А Н И**

***Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој***

*Општина Вевчани, 6335 Вевчани; Емаил: contact@vevcani.gov.mk; www.vevcani.gov.mk; Тел: 046/784-640*

# Б А Р А Њ Е

**за**

## регистрирање на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем

**Податоци за подносителот на барањето:**

| | |
|---|---|
| Име и презиме* | |
| ЕМБГ* | | | | | | | | | | | | | |
| Улица и број (во близина на)* | |
| Контакт телефон -фиксен | |
| Контакт тел.-мобилен* | |
| e-mail* | |

***Задолжително да се пополни**

**Барам да ми издадете:**

- ☐ **Решение за упис во регистар на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем**
- ☐ **Решение за категоризација на угостителски објекти (куќи, станови и соби за издавање)**

| **Вид*** | **Име и адреса на објектот за сместување*** |
|---|---|
| Куќа | |
| Стан | |
| Соби за издавање | |
| Апартман | |

***Задолжително да се пополни**

| |
|---|
| ***Вкупен број на соби ________ и вкупен број на легла ________ од кои:** |
| **еднокреветни ________ двокреветни ________ повеќекреветни ________.** |

***Задолжително да се пополни**

ВЕВЧАНИ

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

***Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој***

*Општина Вевчани, 6335 Вевчани; Емаил: contact@vevcani.gov.mk; www.vevcani.gov.mk; Тел: 046/784-640*

**Услуги кои се предмет на работење на угостителскиот објект :**

- ☐ изнајмување најмногу до десет соби, односно 20 легла;
- ☐ давање услуги на појадок само на корисниците на собите;
- ☐ давање други услуги од селските домаќинства.

**Кон барањето приложувам :**

- ☐ Пријава до Државната пазарна инспекција за исполнување на минимално-технички услови
- ☐ Доказ за сопственост на објектот (имотен лист, договор за закуп или друг акт)
- ☐ Лична карта на увид
- ☐ Доказ за извршена уплата за решение за упис во износ од 250,00 денари
- ☐ Доказ за платена административна такса во износ од 50,00 ден
- ☐ Доказ за извршена уплата за решение за категоризација во износ од 250,00 денари
- ☐ Договор склучен со туристичка агенција
- ☐ Копија од решение за упис во Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност издадено од општина

При секоја промена ќе бидете благовремено известени.

Барател

Вевчани, ___.___.20___ година

____________________________
(име, презиме и потпис)

***Напомена: Административните такси имате можност да ги уплатите со платежна картичка преку ПОС терминалот во просториите на општина Вевчани***